Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96...41/2014), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.06.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ И ПАРКИНГ- ПРОСТОРИ СО КОИ СТОПАНИСУВА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ – ОХРИД, БР. 02-529/3 ОД 29.05.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и паркинг- простори со кои стопанисува ЈП„Билјанини извори“ - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„Билјанини извори“ - Охрид бр.02-529/3 од 29.05.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8414/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.06.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 22 од Статутот на ЈП Билјанини извори - Охрид, Управниот одбор на ЈП Билјанини извори Охрид на состанокот одржан на ден 29.05.2018 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За дополнување на одлуката за утрдување на цени за користење на спортските објекти и паркинг простори со кои стопанисува**
**ЈП Билјанини извори - Охрид**

**Член 1**

Се дополнува Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и паркинг простори со кои стопанисува ЈП Билјанини извори - Охрид бр.02-879/3 од 10.09.2013 година,така што:

**Во "Член 4" ,** став 1, после точка 2 се додава нова **точка 3** која што гласи :

1. **За поставување на кафемат на тениските терени:**

мес. цена од 2,500.00 денари по кафемат, плус потрошена електрична енергија.

Во "**Член 17" ,** став 1, после точка 7 се додава нова **точка 8** која што гласи :

- **За поставување на кафемат на просторот околу Пливачки базен:**

мес. цена од 2,500.00 денари по кафемат, плус потрошена електрична енергија.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето согласност од Советот на општина Охрид.

**Бр.02- 529/3** **Управен одбор**
**Од 29.05.2018 година** **Претседател,**
**Охрид** **Габриела Неделкоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ САДОВИ ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ, СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ – ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за пренесување на правото на користење на специјализирани садови за собирање на отпад од пакување, сопственост на Општина Охрид на ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.06.2018 година.

**Број 09-8414/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.06.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.06.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ САДОВИ ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ, СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се пренесува правото на користење од Општина Охрид на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид на 30 (триесет) садови за собирање на отпад од пакување – пластични зелени игло-контејнери од 1,5 м3 специјализирани за собирање на стакло- отпад од пакување.

**Член 2**

Наведените специјализирани садови за собирање на отпад од пакување од член 1 на оваа одлука се отстапуваат на трајно користење на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид, со можност истиот да биде прекинат доколку се јават дополнителни потреби за користење од страна на Општина Охрид.

Користењето на специјализираните садови за собирање на отпад од пакување од страна на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид ќе биде без надомест.

**Член 3**

Сите трошоци за одржување и користење на специјализираните садови за собирање на отпад од пакување ќе ги сноси ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид.

**Член 4**

Се задолжува градоначалникот на Општина Охрид да склучи договор со директорот на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на специјализираните садови за собирање на отпад од пакување.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8414/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.06.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ШИРИНАТА НА КРАЈБРЕЖНИОТ ПОЈАС НА ПОРОЕН ВОДОТЕК НА ДЕЛ ОД КП 3629/1, ДЕЛ ОД КП 2752/2, ДЕЛ ОД КП 2745/1, ДЕЛ ОД КП 2753, ДЕЛ ОД КП 2747/3, ДЕЛ ОД КП 2746/3, ДЕЛ ОД КП. 2745/4, ДЕЛ ОД КП.2755, ДЕЛ ОД КП 14, ДЕЛ ОД КП 16, ДЕЛ ОД КП 15/1, ДЕЛ ОД КП 26/1, КО ЕЛШАНИ, ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за определување на ширината на крајбрежниот појас на пороен водотек на дел од кп 3629/1, дел од кп 2752/2, дел од кп 2745/1, дел од кп 2753, дел од кп 2747/3, дел од кп 2746/3, дел од кп. 2745/4, дел од кп.2755, дел од кп 14, дел од кп 16, дел од кп 15/1, дел од кп 26/1, КО Елшани, Општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.06.2018 година.

**Број 09-8414/9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.06.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 131 став 2 алинеа 3 од Законот за води („Службен весник на РМ“ бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 ), член 22 став 1 точка 1, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.06.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ШИРИНАТА НА КРАЈБРЕЖНИОТ ПОЈАС НА ПОРОЕН ВОДОТЕК НА ДЕЛ ОД КП 3629/1, ДЕЛ ОД КП 2752/2, ДЕЛ ОД КП 2745/1, ДЕЛ ОД КП 2753, ДЕЛ ОД КП 2747/3, ДЕЛ ОД КП 2746/3, ДЕЛ ОД КП 2745/4, ДЕЛ ОД КП 2755, ДЕЛ ОД КП 14, ДЕЛ ОД КП 16, ДЕЛ ОД КП 15/1, ДЕЛ ОД КП 26/1, КО ЕЛШАНИ, ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Предлог Одлука се определува ширината на крјбрежниот појас на пороен водотек на дел од КП 3629/1, дел од КП 2752/2 дел од КП 2745/1, дел од КП 2753, дел од КП 2747/3, дел од КП2746/3, дел од КП 2745/4, дел од КП 2755, дел од КП 14, дел од КП 16 дел од КП 15/1, дел од КП 26/1, КО Елшани, општина Охрид, согласно со Основниот проект за определување на ширината на регулција на пороен водотек со предлог крајбрежен појас изработен од Друштво за градежништво, промет и услуги „Хидро-Консулт „ ДООЕЛ Скопје со тех. бр17-ОСПР-010 од 9.2017год.

**Член 2**

Со Основниот проект се дефинира меродавната стогодишна голема вода за димензионирање на ширината на регулација на пороен водотек и со хидрауличка анализа дефинирана е граница на регулиран речен појас.

Должината на трасата на која се однесува оваа Одлука е 145,92м и тоа почетна стационажа 0+000.00 до крај на стационажа 0+145.92

- почеток на регулација на водотек на КП 2753 КО Елшани, Гаус Кригерови координати Y- 7484131, X-4544368,

- крај на регулација на водотек на КП 2753 КО Елшани, Гаус Кригерови координати Y- 7483992, X-4544326

**Член 3**

Согласно законската регулатива се предлага крајбрежен заштитен појас во ширина од 5.0 м лево и десно од ивица на регулирано корито.

Составен дел на оваа Предлог Одлука е Решението за давање согласност на Предлог Одлуката за опрделување на ширината на крајбрежниот појас на пороен водотек во населено место Елшани општина Охрид издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање, арх. бр. УП1-11/5-471/2018 од 04.05.2018 година, издадено на Основниот проект со тех. бр. 17-ОСПР-010 од 09.2017год. изработен од Друштво за градежништво, промет и услуги „Хидро-Консулт„ ДООЕЛ Скопје, и Извештај за извршена стручна ревизија на Основниот проект од Ресурс ЛТДИ ДООЕЛ Кавадарци со техн. број 0901-196-17 од 12.2017год.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8414/9**
**14.06.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2018 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Планот за изменување на годишниот план за вработување за 2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.06.2018 година.

**Број 09-8414/10**
**14.06.2018 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), а во врска член 32 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ“ бр 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/18), член 20-а и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.06.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2018 ГОДИНА**

**Член 1**

Се дава согласност на планот за измени на Годишниот план за вработување во Општина Охрид за 2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8414/10**
**14.06.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ (НАЧИНОТ И ВИДОТ) НА ТУРИСТИЧКАТА ТАКСА НА ВРШИТЕЛИТЕ НА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување на Правилник за субвенционирање (начинот и видот) на туристичката такса на вршителите на угостителска дејност, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.06.2018 година.

**Број 09-8414/11**
**14.06.2018 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.06.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ (НАЧИНОТ И ВИДОТ) НА ТУРИСТИЧКАТА ТАКСА НА ВРШИТЕЛИТЕ НА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Правилникот за субвенционирање (начинот и видот) на туристичката такса на вршителите на угостителска дејност.

**Член 2**

Со оваа одлука се утврдува дека престанува да важи Одлуката за донесување на Правилникот за субвенционирање (начинот и видот) на туристичката такса на вршителите на угостителска дејност од мал обем, бр. 07-3290/12 од 01.04.2014 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8414/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.06.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**ПРАВИЛНИК ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ (НАЧИНОТ И ВИДОТ) НА ТУРИСТИЧКАТА ТАКСА НА ВРШИТЕЛИТЕ НА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ**

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот и видот насубвенционирањенатуристичката такса на вршителите на угостителска дејност во општина Охрид, почнувајќи од 01.01.2018 год. Истиот ќе биде на сила до донесување на нов правилник, измена на истиот или негово укинување.

**Член 2**

Со цел поттикнување на физичките лица вршители на угостителска дејност во општина Охрид уредно да ја водат евиденцијата за престојот на гостите во својот сместувачки објект во книгите за домашни односно странски гости истите можат да остварат субвенции на уплатената такса за привремен престој (во натамошниот текст ТПП) на домашните и странските туристи во нивните сместувачки капацитети.

**Член 3**

(1)Субвенциيможатдаостварат сите физички лица вршители на угостителска дејност од мал обем во општина Охрид кои:

- Се регистрирани во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност и поседуваат решение за Уписво регистарот
- Поседуваатважечко решение за извршена Категоризација на сместувачкиот објект.

## БАРАЊЕ И ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТПП

**Член 4**

За добивање на субвенции од член 3 на овој правилник физичките лица вршители на угостителска дејност од мал обем во град Охрид до комисијата за доделување на субвенции по основ дел од ТПП (натамошен текст: комисија) доставуваат:

- **Барање за субвенционирање на ТПП,**
- Листа на **планирана набавка,** опрема, мебел и др. (образец ТПП1)
- Копија од решението за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност
- Копија од важечко решение за извршена категоризација
- На увид да се достават книгите за евиденција на домашни и странски гости
- Копија од уплатница за извршена уплата на ТПП
- Листа на лица евидентирани во книгите за домашни и странски гости (Образец ТПП )
- Трансакциска сметка на вршителот на угостителскадејност од мал обем

## НАЧИН НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ

**Член 5**

(1) Поднесителот на барањето за субвенционирање на ТПП за остварени ноќевања го доставува до комисијата за субвенционирање при општина Охрид два пати и тоа:

- За период од 01.01. до 30.06. се доставува во рок од 01.07 до 31.07
- За период од 01.07. до 31.12. се доставува во рок од 01.01 до 31.01.

(2) За барањата кои се доставени со некомплетна документација, органот кој ја води постапката до барателот, доставува известување со определување на рок за дополнување на барањето и доколку странката не постапи согласно известувањето барањето се одбива

(3) Барањата кои се доставени по истекот на роковите од став (1) од овој член се одбиваат

(4)Комисијата формирана од страна на градоначалникот на општина Охрид по доставување на потребната документација излегува на терен, ја утврдува моменталната состојба пред извршување на набавката и ја одобрува планираната набавка. По дадениот рок за извршување на набавката, физичкото лице ги доставува фискалните сметки, фактури или други финансиски документи, како доказ за извршената набавка. По приемот на комплетната документација, комисијата врши увид на терен, ја констатира новата состојба, истата ја споредува со финансиската документација и поднесените документи во Барањето, и врз основа на тоа составува Записник и донесува соодветно Решение за субвенционирање на ТПП.

(5) Износот на субвенцијата на ТПП изнесува 80% од извршената уплата во периодот за кој се однесува Барањето за субвенционирање.

(6) Субвенциите не покриваат извршување на градежни активности.

(7) Вкупниот износ на субвенциите не смее да го надминува предвидениот износ одобрен во Програмата Г2 за тековната година. Во случај на пристигнати барања за субвенции во вкупен износ поголем од предвидениот со Годишната Програма, ќе се применува принципот „прв дојден – прв услужен“ се до исполнување на предвидениот износ.

## ВИСИНА НА СУБВЕНЦИИ

**Член 6**

Висината на субвенцијата изнесува 80 % од уплатената ТПП имајќи во предвид дека 20% од уплатата оди на буџетот на РМ, по основ на вкупниот број на остварени ноќевања за периодите од 01.01 до 30.06 и 01.07 до 31.12.

**ИСПЛАТА НА СУБВЕНЦИИ**

**Член 7**

Субвенцијата се пресметува во денари.Општина Охрид пресметаниот износ на субвенцијата ја уплаќа на сметка на физичкото лице кое врши угостителска дејност.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 8**

Овој правилник ќе биде објавен во Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08-8414/11-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.06.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ ДОНАЦИЈА – РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА „РАЗВИГОРЧЕ“ – ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за прифаќање донација – Реконструкција на детска градинка „Развигорче“ – Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.06.2018 година.

**Број 09-8414/12** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.06.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („ Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид , на седницата одржана на ден 14.06.2018 година, ја донесе следната :

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ ДОНАЦИЈА-РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА „РАЗВИГОРЧЕ“-ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа донацијата – Реконструкција – енергетска ефикасност на Детска градинка „Јасна Ристеска – „Развигорче“, во согласност со Договорот потпишан помеѓу Центар за развој на Југозападниот плански регион и Трговско друштво за градежништво, трговија и услуги ТАНЕ 2007 Охрид ДООЕЛ, за зафати за подобрување на енергетска ефикасност (замена на дрвени прозорци и врати со нова ПВЦ столарија, техничка изолација на

фасада, ѕидарски работи и друг вид ситни градежно-занаетчиски работи) во Детска градинка „Развигорче” – Охрид.

**Член 2**

Општина Охрид како примател на донацијата се обврзува по приемот на предметот на донацијата на давателот на донацијата да му издаде потврда за примена донација како и да потпише образец ЗДС/ДУ-ДДВ, односно барање за враќање на ДДВ на вршителот на прометот, при промет на добра и услуги од давателот кон примателот на донацијата, како и пропратно писмо за поврат на ДДВ.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 08-8414/12**
**14.06.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за формирање локален совет за превенција за подрачјето на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.06.2018 година.

**Број 09-8414/13**
**14.06.2018 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14) “), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден .06.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Локален Совет за превенција за подрачјето на општина Охрид.

**Член 2**

Локалниот Совет за превенција на подрачјето на општина Охрид ќе го сочинуваат :

- Јован Стојаноски - Градоначалник

- Игор Бежоски -Секретар на општина
- Живка Ангелоска -Претседател на Совет
- Константин Георгиески - Советник
- Ристо Булоски - Советник
- Гоце Георгиески - Советник
- Дејан Шикоски- Советник
- Кристина Алачов -Одделение за поддршка на Совет
- Зоран Шикалоски - Одделение за комунален развој и сообраќај
- Сашо Дончески - Командир на полициска станица
- Сузана Танасоска -Јавен обвинител
- Спасе Прентоски - ТППЕ
- Горан Момироски - Локални медиуми
- Вахид Мемед - Совет за млади
- Павлина Перовска - ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи

**Член 3**

Локалниот Совет за превенција има за задача да изгради хармонични односи помеѓу полицијата и граѓаните.

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање локален совет за превенција бр. 07-6237/21 од 29.10.2013 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8414/13**
**14.06.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот Митко Божиноски с.Куратица_Охрид, му се одобрува изградба на индивидуална семејна куќа од Втора категорија со катност Пр+ПК на Г.П.9.47 во КО Велгошти на КП бр.1491/1 во КО Велгошти согласно ДУП за дел од МЗ-15.Корпус донесен со Одлука бр.07-445/12 од 05.06.2002 год.

Се повикува лицето Лазареска Филева Лилјана од Охрид со адреса на ул.Богомилска бр.Б2 сопственик на Кп.бр.1491/2 во КО Велгошти преку информации добиени од АКН Охрид се известува за донесеното одобрение и се задолжува во рок од 15 дена од денот на објавата да дојде во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да изврши увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник-Раководител**
**Бранко Арнаудовски,с.р.**

## ЈАВНА ОБЈАВА

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорите Икмет Цила со адреса на ул.Гоце Делчев бр.291 Охрид и Невзат Цила со адреса на ул.Гоце Делчев бр.289 Охрид, им се одобрува реконструкција на поткровје и надградба на петти кат на градба А2-Домување во станбена зграда од Втора категорија со катност Пр+3+Пк, на Г.П.1.2 во КО Охрид 4 на КПбр.4303/2, КПбр.4303/3, КПбр.4302/5 во КО Охрид 4 и КПбр.13525/4 и КПбр.13883/2 во КО Охрид 3, согласно ДУП за УЗ 4 дел од блок 4.2 – опфат 1 – Општина Охрид плански период 2011-2016 донесен со Одлука бр.07-5280/46 од 23.09.2013 година.

Се повикуваат лицата Чигдем Ѓурсал, Герт Ерик Даниел Вандија, Зухту Ѓурсал, Севдија Јашаров од Салзбург Австрија, Елизабета Девитз сосопственици на Кп.бр.4303/3 во КО Охрид 4 и Кп бр.13883/2 во КО Охрид 3, преку информации добиени од АКН Охрид се известуваат за донесеното одобрение и се задолжуваат во рок од 15 дена од денот на објавата да дојдат во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да извршат увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник-Раководител**
**Бранко Арнаудовски,с.р.**

## ЈАВНА ОБЈАВА

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето н инвеститорот Црвенкоски Јоце, од ул. Д. Војвода бр. 96 Охрид, му се одобрува доградба и надградба на Пк на А1 семејна куќа со катност Пр+2к за Г.П 7.2.66 на Кп.бр.7811/1, Кп.бр.7811/2 и дел од Кп.бр.7811/3 КО Охрид 1 согласно извод бр.20-11146/2 од 25.08.2017 год.за ДУП УЗ 7 блок 7.2 опфат 2 плански период 2011-2016 Охрид

Јованоски Ристо сопственик на Кп.бр.7810/2 и Кп.бр.7810/3 КО Охрид 1 преку информации добиени од АКН Охрид се известува за донесеното одобрение и се задолжува во рок од 15 дена од денот на објавата да дојде во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да извршат увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник-Раководител**
**Бранко Арнаудовски,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот Младен Ситникоски, ул Даме груев бр.106, Охрид му се одобрува изградба на семејна куќа А1 на дел од Кп.бр.14971/1 КО Охрид 3 со катност По+Пр+2ката по извод бр.20-9572/2 од 07.07.2016 год. за ДУП за дел од централно градско подрачје поликлиника Маларична Охрид плански опфат помеѓу бул.Туристичка ул.Јане Сандански, ул.106, ул.107, ул.Димитар Влахов, ул.119, и ул.Даме Груев планиран развој 2007-2012 год. донесен со Одлука бр.07-344/18 од 28.02.2008 год.

Сопствениците на Кп.бр.15025/1 КО Охрид 3 преку информации добиени од АКН Охрид се известуваат за донесеното одобрение и се задолжува во рок од 15 дена од денот на објавата да дојдат во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да извршат увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник-Раководител**
**Бранко Арнаудовски,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот Наумче Трпески, ул.Сирма Војвода бр.41,Охрид му се одобрува изградба на Надградба на к1 и Пк со реконструкција на Пр на индивидуална семејна куќа А1 од Втора категорија со катност По+Пр, изградена на КП бр.5302 КО Охрид 4..

Темјаноски Цветко Трајче с.Велемј Охрид Цветаноска Анкица ул.Киро Ристоски Дрнц бр.31 Тетово, Панев Никола ул.Сирма Војвода бр.48 Б Охрид, Трпески Темелков Петре ул.Сирма Војвода бр.67 Охрид сопственици на Кп.бр.5298/3 КО Охрид 4, Јованоски Леон Љупчо ул.Сирма Војвода бр.59 Охрид сопственик на Кп.бр.5303 КО Охрид 4, Билјана Аврамоска ул.1 македонска ударна бригада бр.12 Охрид, Славка Трајческа ул.1 македонска ударна бригада бр.12 Охрид, Елена Трајческа ул.1 македонска ударна бригада бр.12 Охрид сопственици на Кп.бр.5291/1 КО Охрид 4 и Ристески Никола Јордан ул.Сирма Војвода бр.37 Охрид сопственик на Кп.бр.5291/2 КО Охрид 4 Ристески Трајан ул.Сирма Војвода бр.98 Охрид сопственик на Кп.5290 КО Охрид 4, Стојче Трпески ул.Пере тошев Охрид сопственик на Кп.бр.5298/3 КО Охрид 4, се известуваат за донесеното одобрение и се задолжуваат во рок од 15 дена од денот на објавата да дојдат во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да извршат увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник-Раководител**
**Бранко Арнаудовски,с.р.**